## НАРЕДБА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ПРИ УВОЗ НА КОМПИР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Наредбата за преземање мерки при увоз на компир во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 88/2000), во член 2 точка 1 по зборот "тестирани" се додаваат зборовите: "со IF-тест".

Во точката 3 ред 5 по зборот "Македонија" се додаваат зборовите: "од присуството на причинителот на бактериско венење на компирот во државата од каде потекнува и утврдената состојба од прегледот".

Во точката 8 по точката на крајот се додава нова реченица која гласи: "Евиденцијата за увоз на компир ги содржи следните податоци:

- име и адреса на испраќачот (производителот)
- сорта и семенска категорија (степен на одгој)
- количина
- број на фито санитарно уверение
- број на одобрението на надлежното министерство
- дата и место на увозот".

По точката 8 се додава нова точка 9 која гласи:

"Поединечна пратка на компир треба да биде составена од најмногу две, во Република Македонија лабораториски се уште непроверени партии, освен при увоз на ситен семенски компир (дебелина 28-35 мм), која може да биде составена од најмногу четири, лабораториски се уште непроверени партии. Бројот на партиите при увоз на компир наменет за опити при воведување на нови сорти, односно за истражувачки цели, не е ограничен. Партијата на семенскиот компир е хомогена единица во однос на сортата, квалитетот, потеклото, семенската категорија и произведена на една парцела и под еден производствен број (со ист референтен број). При складирањето, припремата, пакувањето, утоварот и превозот на пратките, мора партиите да бидат меѓусебно одделени".

Член 2

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-11893/1
декември 2002 година
Скопје

Министер,
**Славко Петров,** с.р.